РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ"
ул. „16-та Македонска бригада", бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-278/10**
**23.9.2024 година**

Врз основа на член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.467/2019 и бр.467-Анекс-1/2020) и члено 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Наставно научниот совет на Факултетот, на седницата одржана ден 23.9.2024 година донесе:

# ОДЛУКА
## за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"

1. Со оваа Одлука се прецизираат износите од член 5, и се утврдуваат дополнителни надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" (во понатамошниот текст: Факултетот), од член 8 во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

| Реден број | Извршени услуги | Износ |
|---|---|---|
| 1 | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите (член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 ден. |
| 2 | Издавање потврди за статус на студент/специјализант (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 ден. |
| 3 | Издавање потврди по разни основи (член 5, точка 15 од Анексот) | 500,00 ден. |
| 4 | Уплата за испит, пријавување (вонредни студенти) | 300,00 ден. |
| 5 | Уплата за испит, за втор или трет пат (важи само за редовни студенти) | 300,00 ден. |
| 6 | Заверка на формулар за редовен студент – формулар издаден од други државни и проватни субјекти од државата и странство | 150,00 (по образец/формулар) |
| 7 | Надоместок поврзан со реализација на спецификите на студиската програма (годишно) | 1500,00 ден |

2. На студентите запишани на прв и втор циклус на студии на Факултетот им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии

(додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно оваа Одлука.

3. Со влегување во сила на оваа Одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), престанува да важи Одлуката за висината на надоместоците за извршени образовни, административни и други услуги што ги плаќаат студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ бр. 02-253/4 од 21.6.2022 година.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник и ќе започне да се применува од од учебната 2024/2025 година.

декан

проф. д-р Никола Николов